# КРУГОТ НА ВОДАТА

## од природата до вашиот дом и индустријата




Дали сте се запрашале зошто и покрај тоа што милиони луѓе во светот секојдневно ја користат водата, истата не се троши и постојано ја има, но се разбира во различни количини.

Одговорот е едноставен: таа кружи во природата и тоа е начинот на кој таа постојано се рециклира.

Јавното Комунално Претпријатие Водовод - Битола обезбедува чиста вода запиење за околу 100.000 жители од градот Битола и селата кои се приклучени на градската водоводна мрежа.

Потребната вода се обезбедува преку три зафати на водотоците на Баба планина и тоа зафатите на реките Сапунчица, Лак поток и Црвена река, како и од акумулацијата на вештачкото езеро Стрежево во случај кога има недостаток на вода од зафатите. Водата од акумулацијата се пумпа во филтерницата во село Дихово.

Во филтерницата се врши преработка на суровата вода од природата, и како хемиски и биолошки чиста се дистрибуира до нашите домови.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Зафати на Баба планина | 3 | Филтерска постројка | 1 |
| Акумулација Стрежево | 1 | Резервоари | 3 |
| Пумпна станица Довлецик | 1 | Приклучоци | 33000 |